UDC: 316.653:316.774(497.7)]:355(470:477)”2022”

Original research paper

# WAR, INVASION OR (MILITARY) INTERVENTION? – SOCIAL CONSTRUCTION OF THE REALITY OF THE RUSSIAN ATTACK ON UKRAINE IN THE MACEDONIAN LANGUAGE MEDIA

**Eleonora Serafimovska**
PhD, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Institute for Sociological, Political and Juridical Research
eleonora@isppi.ukim.edu.mk
**Marijana Markovikj**
PhD, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Institute for Sociological, Political and Juridical Research
marijana@isppi.ukim.edu.mk
**Tea Koneska-Vasilevska**
M.Sc., Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Institute for Sociological, Political and Juridical Research
tea.k@isppi.ukim.edu.mk

**Abstract**

Social construction refers to the meaning, concept or connotation given to an object or event by society and adopted by members of society in relation to how they view or deal with a particular phenomenon or event. The media are one of the main social actors – participants in that process of social construction of reality, and language and culture are the frameworks through which people experience, communicate and understand reality.On February 24, 2022, Russia launched a military invasion of Ukraine, and the media everywhere, even in Macedonia, was flooded with information about the events. The media are almost the only sources of information about this event, so it is very important to analyze how the media reported, especially in the early days, when people were trying to understand what was happening in Ukraine, what kind of event it was and what consequences they should prepare for in the future.This research will analyze the texts in the Macedonian language media in the first days, found in the Internet space with search keywords: *Russia*, *Ukraine*, *invasion*, *war*, *intervention*, *Putin*, *Zelenski*. The main research question is: “How the media (in the Macedonian language) in Macedonia constructed the social reality for the events in Ukraine”, so the focus of the analysis will be the *main topics* related to this event, the *parties and actorsinvolved* in the event, *the type and credibility of the sources* used. An attempt will be made to predict what reactions the information they read and hear on a daily basis will provoke in people.

***Keywords:***Media, Social construction, Russia, Ukraine, Macedonia

# ВОЈНА, ИНВАЗИЈА ИЛИ (ВОЕНА) ИНТЕРВЕНЦИЈА? – СОЦИЈАЛНА КОНСТРУКЦИЈА НА РЕАЛНОСТА ЗА НАПАДОТ НА РУСИЈА ВРЗ УКРАИНА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**Елеонора Серафимовска**
Проф. Д-р, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
eleonora@isppi.ukim.edu.mk
**Маријана Марковиќ**
Проф. Д-р, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
marijana@isppi.ukim.edu.mk
**Теа Конеска-Василевска**
Асс. М-р, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
tea.k@isppi.ukim.edu.mk

**Апстракт**

Социјалната конструкција се однесува на значењето, поимот или конотацијата дадени на некој објект или настан од страна на општеството и усвоени од страна на припадниците на општеството во однос на тоа како тие гледаат или се справуваат со одредена појава или одреден настан. Медиумите се еден од главните општествени актери – учесници во тој процес на социјална конструкција на реалноста, а јазикот и културата се рамките, прозорците низ коишто луѓето ја искусуваат и ја разбираат реалноста и комуницираат со неа. На 24 февруари 2022 година, Русија почна воена инвазија врз Украина, а медиумите секаде, па и во Македонија, беа преплавени со информации за случувањата. Медиумите се речиси единствените извори на информации за случувањата околу овој настан, така што од голема важност е да се анализира како известуваа медиумите, особено во првите денови, кога луѓето се обидуваа да сфатат што се случува на нивните простори, за каков вид настан станува збор и за какви последици би требало да се подготват во иднина.Во ова истражување ќе се анализираат текстовите во медиумите на македонски јазик во првите денови, најдени во интернет-просторот со клучни зборови за пребарување: *Русија*, *Украина*, *инвазија*, *војна*, *интервенција*, *Путин*, *Зеленски*. Главното истражувачко прашање е: „Како медиумите (на македонски јазик) во Македонија ја конструираа социјалната реалност за случувањата во Украина?“, па во фокусот на анализа ќе бидат *главните теми* со коишто се поврзува овој настан, *инволвираните страни и актери* во настанот, *видот и кредибилитетот на изворите* што се користат. Ќе се направи обид и да се предвиди какви реакции ќе предизвикаат кај луѓето тие информации што ги читаат и ги слушаат секојдневно.

***Клучни зборови**:* медиуми, социјална конструкција, Русија, Украина, Македонија

## 1. Вовед

На 24 февруари 2022 година, Русија почна воена инвазија врз Украина, а медиумите секаде, па и во Македонија,беа преплавени со информации за случувањата. Медиумите се речиси единствените извори на информации за случувањата околу овој настан, така што од голема важност е да се анализира како известуваа, особено во првите денови, кога луѓето се обидуваа да сфатат што се случува на нивните простори, за каков вид настани станува збор и за какви последици би требало да се подготват во иднина. Главното истражувачко прашање беше во насока на тоа како медиумите ја конструираа реалноста, односно каков дискурс наметнати каква социјална реалност поставија.

Со констатацијата дека војната е општествено конструирана, дека таа е социјален конструкт, резултат на социјални интеракции и интерперсонални релации што фаворизираат агресија и насилство и...доколку сакаме да негуваме норми и конструкции што го фаворизираат мирот, од витално значење е актерите кои се вклучени во процесот на социјалната конструкција на реалноста да вложуваат во системи на функционирање што ја оправдуваат кооперацијата и реципроцитетот (Wendt, 1995) – можеме и да не се согласиме, но секако би морале да останеме будни и свесни дека медиумите се еден од главните општествени актери кои се втурнати во тој процес на социјална конструкција на реалноста. Тие можат и да не бидат свесни за нивната улога во тој процес, но секако не се ослободени од одговорност за него.

Иако во текот на дваесеттиот векнаучниците кои истражувале и пишувале во областа на масовните комуникации главно се позиционирале на ставот дека медиумите и новинарството треба да бидат управувани од вредностите на непристрасност и објективност (Schudson, 2001), бидејќи само на тој начин би можеле да бидат сметани како веродостојни,сепак, ваанивна позиција малку подоцна е силно оспорена и критикувана од истражувачите на критичките студии на медиумите, кои, пак, својот став го развивале и го докажувале во насока на тврдењето дека медиумите не се едноставни „пасивни огледала на општеството“ (UKEssays, 2015), туку напротив, тие играат активна и значајна улога во социјалната конструкција на реалноста. Имено, за медиумите не може едноставно само да се каже дека известуваат за настани, туку дека тие општествено ги конструираат, им даваат специфично значење (Kruse, 2001).

Улогата на медиумите во социјалната конструкција на реалноста зазема централно место во комуникациските истражувања и тука, покрај целосната методолошка разновидност и концептуализација, доминираат главно два природа (Adoni and Mane, 1984). Првиот приод се фокусира на социјалната конструкција на реалноста како важен аспект на релацијата помеѓу културата и општеството, а вториот приод ја гледа како тип на медиумски ефект.

Три вида реалност, пак, се важни за разбирање при анализа и истражување на социјалната конструкција на реалноста (Berger and Luckman, 1967). Првата

е објективна социјална реалност што низ искуството поминува како објективен свет, факт што постои надвор од индивидуата. Иако, интересно, луѓето се способни да развијат сомнеж дури и за постоењето на овој вид реалност, сепак тој сомнеж ќе мораат да се обидат да го напуштат ако сакаат да извршуваат дејства и акции што не го загрозуваат нивното сопствено постоење,како и интеракциите и релациите со другите. Вториот тип реалност есимболичка социјална реалност, која се состои од која било форма на симболичка експресија на објективната реалност, како што се, впрочем, медиумските содржини, но и литературата, уметностите итн. Како резултат на различните системи на симболи, постојат повеќе симболички реалности (универзуми), кои, за среќа, индивидуите поседуваат способностда ги примаат и да ги разбираат како такви (различни). Третиот тип реалност е субјективна социјална реалност, позната и својствена само за индивидуата. Објективната реалност, објективниот свет и неговите експресии, симболички реалности, тука служат само како инпут за конструирање на индивидуалната реалност. Оваа субјективна реалност, својствена само за поединецот, понатаму е основа за неговото однесување во реалниот простор, со што се обезбедува постоењето на објективната реалност, се докажува значењето на симболичката реалност, а воедно се овозможува суштествениот дијалектички процес.

## 2. Воведување на поимот *социјален конструкционизам*

Социјалниот конструкционизам вообичаено се концептуализира како широк пристап во општествените науки, алтернативен пристап на проучување на човечките суштества како општествени животни и во филозофска смисла е опишан како склоп на различни приоди: „критичка психологија“, „анализа на дискурсот“, „деконструкција“ и „постструктурализам“ (Burr, 2003).

Формалното воведување на поимот *социјален конструкционизам* се нотира во делото на Бергер и Лукман, кои токму затоа и се сметаат за пионери на оваа перспектива.

Овие познати социолози, со теоретска матрица заедничка со Алфред Шуц (Alfred Schutz)(Muzzetto, 2016), сметаат дека луѓето создаваат и одржуваат многубројни и различни општествени појави низ општествената практика и за тоа се одговорни три процеси: екстернализација, објективизација и интернализација(Berger and Luckmann, 1967). Луѓето „екстернализираат“ кога дејствуваат на својот свет, притоа создавајќи некој вештачки производ или вршејќи некоја активност, практика. Имено, имајќи предвид дека веќе е воспоставен институционализиран свет, тој се доживува како објективна реалност, а човекот го „екстернализира“ овој институционализиран свет бидејќи не може да го разбере преку интроспекција.Човекот мора да излезе и активно да научи нешто за тоа што сака да го знае/запознае. Од тој момент, создаденото, наученото влегува во општествениот домен и станува објект на свеста за луѓето

во тоа општество. Всушност, ова е процес преку којшто „екстернализираните“ производи на човечкото дејствување се објективизираат или го достигнуваат карактерот на објективност. Објективноста на „екстернализираниот“ свет е човечки произведена, конструирана објективност. Институционалниот, реалниот свет е објективизирана човечка активност, како и секоја институција. Оваа ситуација создава парадокс во смисла на тоа што луѓето создаваат свет што подоцна го доживуваат како нешто што не е создадено од човекот. Меѓутоа, овој однос – меѓу креаторите и корисниците на институцијата и производот (самата институција) – останува тековен. Екстернализацијата и објективизацијата се моменти во еден континуиран дијалектички процес. Интернализацијата е третиот момент, со којшто објективизираниот општествен свет се враќа во свеста на индивидуите во текот на социјализацијата. Во суштината, ова е точката во којашто поединецот, откако веќе го искусил објективизираниот настан (или настани) во институционализираниот општествен свет, веднаш го толкуваи наоѓа лична смисла.

Едноставно сумирајќи ја теориската позиција на Бергер и Лукман, може да се каже дека нивниот централен концепт е дека луѓето и групите кои се во интеракција во општествениот систем создаваат концепти (ментални претстави) на дејствата (акциите) едни со други и дека овие концепти со текот на времето се претвораат (вградуваат) и почнуваат да постојат и да „живеат“ како реципрочни улоги што ги играат актерите во односите едни со други. Кога овие улоги ќе почнат да им бидат достапни и на другите членови на општеството за да можат и тие да „влезат“ во тие улоги, се вели дека реципрочните интеракции се институционализирани. Во еден таков дијалектички континуиран процес, стекнатото знаење и концепциите (и верувањата) на луѓето за тоа каква е реалноста стануваат вградени во општеството, во институционалната структура на општеството. Оттаму, се вели дека реалноста е општествено конструирана (Berger and Luckmann, 1967).

Јазикот е средство со коешто се објективизира искуството што луѓето настојуваат да го споделат помеѓу себе и со тоа станува достапно на сите членови на јазичната заедница (Burr, 2003). Јазикот истовремено станува и основа и инструмент со којшто се стекнува речиси целокупното колективно знаење. Со оглед на тоа дека важноста што социјалниот конструкционизам ја дава на јазикот е огромна, голем придонес за појавување на овој правец дале и трудовите на Ли Ворф иСапир (познатиантрополошки лингвисти). Овие две имиња најчесто се споменуваат во врска со познатата хипотеза за јазичка/лингвистичка релативност. Хипотезата на Сапир и Ворфвели дека јазикот не е само средство за изразување мисли туку и оној фактор што со своите обрасци ги одредува човековата перцепција, начинот на мислење, погледот на светот и формата на однесување (Chandler, 1994), додека свеста за таквиот карактер на јазикот обично и не постои(Lucy, 2001). Основната премиса на социјалниот

конструкционизам е отфрлање на апсолутното знаење, при што јазикот игра клучна улога во овозможување и дозволување на луѓето да споделат знаење и да развијат заеднички конструкции (Zein, 2016).

Покрај Бергер и Лукман,Вивиен Бур, согласувајќи се со Фуко (Paul-Michel Foucault) дека социјалниот конструкционизам не ја негира реалноста, поточно материјалноста на настаните, туку дека нашиот единствен начин на нејзино сфаќање е преку дискурсот, кој, пак, ја определува (одредува) нашата перцепција за реалноста (Burr, 2003), дава добар преглед и ги збогатува филозофските идеи на социјалниот конструкционизам. Герген (Kenneth Gergen), пак, како социјален психолог и во насока на истата (филозофска) перспектива,негира дека нашето знаење е директна перцепција на реалноста и развива радикален поглед на социјално конструирано знаење. Од перспектива на Герген, целата човечка моќ, способноста за разбирање и сфаќање, како и целокупното знаење се генерираат во односите, релациите. Од тие релации луѓето ги црпат своите сфаќања за тоа што е реално, што е рационално и добро (Gergen, 1982; 2001).

**2.1.Социјален конструкционизам и социјален конструктивизам**

Социјалниот конструктивизам е социолошка теорија што произлегува од развојната и когнитивната психологија, каде што главната премиса е дека културата игра клучна улога во когнитивниот развој на поединецот(идеи инхерентни на теориите на Жан Пијаже, Џером Брунер и Лев Виготски) и којашто вели дека групите конструираат знаење едни за други и едни со други и затоа се создава култура на заедничко значење на нештата, пзнаењето за светот,иако независен од човечкиот ум,е секогаш социјална конструкција (Crotty, 2003; Young & Collin, 2004). Во основата на социјалниот конструктивизам е сфаќањето дека секој го перципира светот на различни начини и, притоа, создава свои уникатни значења од настани и искуства; така, тоа што е реалниот свет е различно за секој човек. Значи, социјалниот конструктивизам се фокусира на изградбата на општествениот и психолошкиот свет преку индивидуални, когнитивни процеси, со фокус на тоа како поединецот когнитивно се вклучува во изградбата на знаењето (Kim, 2001; Young & Collin, 2004).

Во литературата, социјалниот конструктивизам често се изедначувасо социјалниот конструкционизам (O’Reilly and Lester, 2017), но некогаш се прават и јасни дистинкции и разлики (Nickerson, 2021). Изедначувањетодоаѓа од сличностите меѓу овие две перспективи, кои се однесуваат на тоа дека надворешните структури не можат објективно да се перципираат (Franklin, 1998), а дистинкциите од разликите меѓу перспективите како тие ги сфаќаат внатрешните психолошки структури и во однос на значењето што му се дава на јазикот: декасоцијалниотконструкционизамдаваакцентнајазикот,применувајќи се најчесто во полето на антропологијата, психологијата и социологијата, а социјалниот конструктивизам повеќе се однесува на сознанието, порелевантно

применет во образованието, математиката и технолошките студии (Gubrium and Holstein, 2008);социјалниот конструкторизам се однесува на развојот на феномени во однос на општествените контексти, додека социјалниот конструктивизам се однесува на процесот на конструирање значење за одредени феномени во социјален контекст (Vygotsky, 1978), па оттаму, социјалниот конструктивизам најчесто се опишува и се препознава како социолошки концепт;социјалниот конструктивизам се фокусира на конструкциите создадени преку социјалните интеракции, а социјалниот конструктивизам се фокусира на учењето што се одвива поради интеракцијата со другите (Young and Collin, 2004). „Конструктивистите имаат тенденција да го ставаат значењето во умот на поединецот, додека социјалните конструкционисти го лоцираат потеклото на значењето во односите меѓу луѓето“ (Gergen, 2009). Според тоа, општествените конструктори ја гледаат реалноста како производ на општествените процеси, додека социјалните конструктивисти се фокусираат на тоа како личноста ја гледа реалноста како субјективно дефинирана (Chen et al., 2011). Меѓутоа, иако се различни, тие се исто така комплементарни аспекти на еден единствен процес преку којшто луѓето во општеството ги создаваат, ги конструираат своите светови, а со тоа и себеси.

**2.2.Медиумите и социјалната реалност**

Перспективата што во основата ја поставија Бергер и Лукман (1967) за општествено конструираната природа на реалноста поттикна низа размисли за разбирање и испитување на односот помеѓу медиумите и социјалната реалност. Научниците кои ја усвојуваат социјалната конструкција генерално сметаат дека медиумите не само што ја рефлектираат реалноста туку ја дефинираат и ја конструираат, паоттаму и ставот дека содржината на вестите е „социјално создаден производ, а не одраз на објективната реалност“ (Cohen & Young, 1974; Shoemaker & Reese, 1996, според Fengmin, 2020).

Социјалниот конструкционизам како пристап во проучувањето на продукцијата на вести се применува долго време. И, притоа, под медиумска конструкција на реалноста не се подразбира само едноставен избор на настани или прашања што треба да бидат покриени во вестите туку и одлучување за тоа како тие информации да се дефинираат и да се интерпретираат). Имено, медиумите интенцијално избираат и/или истакнуваат некои одредени аспекти на настаните и прашањата со намера да поттикнат и да обезбедат одредени обрасци на интерпретација, наведувајќи ја публиката да ги разбере на одреден начин. Овие постулати на социјалната конструкција на реалноста, всушност, објаснуваат како и зошто медиумите не ги третираат (и веројатно не можат да ги третираат) секојдневните појави на балансиран начин. Оттаму и покривањето на вестите често е критикувано поради недостиг на рамнотежа или еднаквост помеѓу конкурентните гледишта.

Претпоставената цел за објективно известување на крајот е, всушност, цел што не може да се постигне (Schudson, 1978), така што социјалната (општествената) реалност создадена во медиумското покривање треба постојано да се истражува, преиспитува и оценува.

***

На конференција одржана во 2006 година, на којашто главната тема беше импликација на социјално-конструкционистичките пристапи во комуникациите, комуникациските истражувања и, воопшто, едукацијата за комуникации и масмедиуми, меѓу теоретичарите и истражувачите од областа на комуникациите се повтори веќе усвоената основна претпоставка за социјалната конструкција на реалноста дека поединците заеднички ги конструираат (создаваат) нивните сфаќања за светот и значењата што ги даваат на нештата што секојдневно ги опкружуваат (Spano, Foss and Kirschbaum, 2009). Во суштината на нештата е претпоставката дека таквите значења се конструирани заеднички, односно во координација со другите, наместо индивидуално. А, терминот со којшто ние, како експерти и истражувачи од областа на комуникациите, најчесто се служиме за да го објасниме тој процес е: **социјална конструкција**, термин што треба да надвладее над множеството од дотогаш користени термини: социјален конструкционист, социјален конструкционизам, социјален конструктивизам, социјален конструктивист. Присутните на конференцијата се согласија со таа употреба (Galanes and Leeds-Hurwitz, 2009) и затоа тоа е терминот што се употребува и во овој труд за да се тестира главното истражувачко прашање.

## 3. Методологија на истражувањето

Во мај 2022 година, авторите на трудот почнаа истражување во коештосе користи **анализа на содржина** на **медиумските текстови објавени на македонски јазик** што ги издвои агрегаторот на вести time.mk (Вести на time.mk) во анализираниот (критичен) период од 24 февруари до 24 март 2022 година, **првиот месец** од почнувањето на воената интервенција на Русија врз Украина, со клучни зборови употребени за пребарување: *Русија*, *Украина*, *инвазија*, *војна*, *интервенција*, *Владимир Путин*, *ВолодомирЗеленски*.Дваесет и четврти февруари 2022 година е датумот кога почна воената интервенција, а 24 март е датумот кога Украина во отворено писмо од медиумски експерти повика на одреден начин на известување на западните медиуми и јасно го објасни значењето на термините со коишто се опишуваат настаните во Украина (дел од содржината на писмото е прикажана подолу).

**Како медиумите (на македонски јазик) во Македонија ја конструираа социјалната реалност за случувањата во Украина** е главното истражувачко прашања во овој труд, па во фокусот на анализабеа:

- *главните теми* со коишто се поврзувaасите настани поврзани со случувањата во Украина,

– *инволвираните страни и актери*,
– *медиумот* што го пренесува настанот,
– *дискурсот* со којшто се опишуваат случувањата.

При анализата на содржина се користеше квалитативна анализа на медиумските текстови(дефинирање на главни теми, видови актери, начин на именување на настаните), но и одредена квантификација (број на продуцирани прилози, проценти на текстови во коишто се забележуваат клучните зборови на анализа), со цел приказ на квантитетот на информации што беа присутни во медиумскиот простор.

Со оглед на тоа дека количеството податоци од истражувањето ја надминува можноста да се презентираат во текст со ограничен обем како што е овој, се направи селекција на податоци што ќе бидат презентирани. Целосните податоци ќе бидат објавени во монографија на тема: „Социјалната реалност на медиумите во Македонија за војната во Украина“.

Оттаму, податоците немаат претензија да направат точен попис и анализа на сите текстови што процикулираа во медиумскиот простор во првиот месец од воената интервенција, од проста причина што тоа беше невозможно да се направи поради бројот на текстови, повторливоста на информациите од различни медиуми, како и ограничената можност на агрегаторот, кој не може да прелиста повеќе од 200 текста дневно. Но, секако се направи обид да се анализира главниот дискурс и да се „фатат“ главните пораки испратени од инволвираните страни во конфликтот.

## 4. Резултати

Приказот на резултати почнува со бројот на текстови на македонски јазик што агрегаторот ги изброи со пребарување по клучен збор.




**Слика 1.** Број/динамика на текстови објавени во анализираниот период

Во истражуваниот период (вкупно 29 дена) од 24 февруари до 24 март 2022година, агрегаторот time.mk брои вкупно 48.205 медиумски текста со однапред дефинираните клучни зборови. Најголем број текстови агрегаторот брои на првиот ден од војната во Украина, 24 февруари – 3.797, а најмалку на 19 март – 808. Сепак, агрегаторот не дава пристап до сите текстови, туку максимум до 200 во текот на едно деноноќие, што значеше вкупно 5.800 текста.Во овој момент, се направи уште една селекција, па понатамошната анализа подразбираше избор на медиумски текстови за анализа што како централни ги пренесуваат информациите за критични настани (важни случувања во Украина, во Русија и на меѓународната сцена), поточно, се избраа само оние медиумски текстови што како главна тема ги имаат случувањата во Украина. Текстовите што само спорадично (како споредна тема) ги таргетираат Украина и случувањата таму, не се вклучени во анализата. Во понатамошната анализа не беа вклучени и оние медиумските текстови што се исти (или речиси исти), а се пренесени само преку различни медиуми. Така, од вкупно 5.800 текстадостапни за анализа, откако беа прочитани, беа селектирани 849 медиумски текста што не се повторуваат како такви повеќе од еднаш и коишто како главна тема ги имаат Украина и случувањата таму.

Следува табеларен приказ на процентите на анализирани текстови на дневно ниво. Во табелата се ставени и информациите за бројот на критични настани што се случиле во текот на анализираното деноноќие.

**Табела 1.** Број на објавени и анализирани текстови

| Датум | Вкупен број на објавени текстови што ги брои time.mk | Број на анализирани текстови | Проценти анализирани од достапните 200 | Критични настани |
|---|---|---|---|---|
| 24.2.2022 | 3.797 | 39 | 19,5 | 18 |
| 25.2.2022 | 2.663 | 34 | 17 | 15 |
| 26.2.2022 | 2.055 | 38 | 19 | 12 |
| 27.2.2022 | 1.848 | 30 | 15 | 16 |
| 28.2.2022 | 2.373 | 37 | 18,5 | 15 |
| 1.3.2022 | 2.501 | 41 | 20,5 | 20 |
| 2.3.2022 | 2.366 | 31 | 15,5 | 24 |
| 3.3.2022 | 2.274 | 29 | 14,5 | 25 |
| 4.3.2022 | 1.755 | 32 | 16 | 25 |
| 5.3.2022 | 1.267 | 27 | 13,5 | 21 |
| 6.3.2022 | 1.361 | 30 | 15 | 24 |
| 7.3.2022 | 1.878 | 38 | 19 | 21 |
| 8.3.2022 | 1.661 | 43 | 21,5 | 39 |
| 9.3.2022 | 1.665 | 40 | 20 | 27 |
| 10.3.2022 | 1.659 | 33 | 16,5 | 25 |
| 11.3.2022 | 1.627 | 31 | 15,5 | 21 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12.3.2022 | 1.022 | 24 | 12 | 20 |
| 13.3.2022 | 905 | 18 | 9 | 15 |
| 14.3.2022 | 1.359 | 24 | 12 | 14 |
| 15.3.2022 | 1.393 | 36 | 18 | 22 |
| 16.3.2022 | 1.514 | 28 | 14 | 23 |
| 17.3.2022 | 1.395 | 29 | 14,5 | 19 |
| 18.3.2022 | 1.101 | 30 | 15 | 18 |
| 19.3.2022 | 808 | 22 | 11 | 19 |
| 20.3.2022 | 813 | 24 | 12 | 20 |
| 21.3.2022 | 1.388 | 21 | 10,5 | 15 |
| 22.3.2022 | 1.247 | 19 | 9,5 | 14 |
| 23.3.2022 | 1.311 | 21 | 10,5 | 16 |
| 24.3.2022 | 1.199 | 16 | 8 | 12 |
| Вкупно | 48.205 | 849 | M=14,91379 | 563 |

Како што може да се види, од вкупно 48.205 текста, колку што time.mk брои во анализираниот период од 29 дена, достапни за анализа беа 5.800 (200 *29), но детално анализирани понатаму се 849 текста.

Поради обемноста на детални (квалитативни) информации,следува детална анализа на медиумските текстови објавени на 24 февруари 2022 година, што има за цел да го „фати“ дискурсот во текстовите.

Следува набројување на сите реални настани што медиумските текстови се обидоа да ги покријат на првиот ден од војната во Украина.

*Критични настани во Украина, во Русија и на меѓународната сцена поврзани со војната во Украина*

| | |
|---|---|
| 1. | Телевизиско обраќање на Владимир Путин |
| 2. | Видеообраќање на Володомир Зеленски |
| 3. | Изјава на украинското МНР |
| 4. | Состанок на лидерите на ЕУ |
| 5. | Изјава на Џо Бајден, американски претседател |
| 6. | Изјава (твит) на Борис Џонсон, британски премиер |
| 7. | Изјава (твит) на Јенс Столтенберг, генерален секретар на НАТО |
| 8. | Хакерски напади, кибернапади врз интернет-страниците на украинската влада и украинското МНР |
| 9. | Телефонски разговор Путин-Лукашенко |
| 10. | Изјава на Олаф Шолц, германски канцелар |
| 11. | Изјава на Артурс Крисјаниш Кариш, летонскипремиер |
| 12. | Генерално собрание на ОН |
| 12.1. | Изјава на Антонио Гутереш, генерален секретар на ОН |
| 12.2. | Изјава на Линда Томас Гринфилд, американска амбасадорка во ОН |

| | |
|---|---|
| 12.3. | Изјава на Дмитро Кулеба, шеф на украинската дипломатија |
| 13. | Изјава на Жан-Ив ле Дријан, француски министер за надворешни работи |
| 14. | Изјава, демант на Министерството за одбрана на Русија |
| 15. | Соопштение на украинскатавојска, украински воени сили |
| 16. | Состанок на амбасадорите на НАТО |
| 17. | Анкета на Си-ен-ен за ставовите на руските граѓани |
| 18. | Барање на челниците на двете самопрогласени републики на украинскиот исток во областа Донбас воена поддршка од рускиот претседател Владимир Путин |

Следува приказ на сите актери споменати во анализираните прилози на 24 февруари 2022 година, главните теми во нив, како и медиумот што се споменува во текстовите како извор на информациите.

| **Актери/извори во прилозите** | **Главна/и тема/и во прилозите** | **Медиум** |
|---|---|---|
| **⁞ Владимир Путин**<br>**⁞ Володомир Зеленски**<br>**⁞ Украина**<br>**⁞ Русија**<br>**⁞ Киев**<br>**⁞ Москва**<br>**⁞ ЕУ, Совет на ЕУ, лидери на ЕУ, министри на ЕУ**<br>**⁞ НАТО**<br>**⁞ Украински власти**<br>**⁞Руска Федерација**<br>**⁞ САД**<br>**⁞ Украинско МВР**<br>**⁞ Шеф на украинското МВР**<br>**⁞ Украинско МНР**<br>**⁞ Шеф на украинскатадипломатија**<br>**⁞ Шеф на францускатадипломатија**<br>**⁞ Џо Бајден**<br>**⁞ Борис Џонсон**<br>**⁞ Германски канцелар Олаф Шолц**<br>**⁞ Американска амбасадорка во ОН**<br>**⁞ Летонски премиер**<br>**⁞ Генерален секретар на НАТО** | #Најава на Путин за почеток на воени дејства<br>#Санкции на ЕУ кон Русија<br>#Хакерски напади/ кибернапади врз украинската влада и украинското МНР<br>#Случувања/воени дејства во Украина (напади/експлозии)<br>#ОН ја осудува Русија<br>#ОН повикува на брзи и решителни потези<br>#Франција го нуди нормандискиот формат за решавање кризи<br>#Предупредувања за бегалски кризи<br>#Осуда на САД за однесувањето на Путин<br>#Анкетно истражување на Си-ен-ен<br>#Осуда од Германија за Русија<br>#Скок на цените на нафтата<br>#Приклучување на Белорусија<br>#Итен состанок на НАТО | „Гардијан"<br>Британски медиуми<br>Би-би-си<br>„Ројтерс"<br>„Глас на Америка"<br>Си-ен-ен<br>МИА<br>РИА (Руска новинска агенција) |

Критериум за вбројување на актерите е актерот да се појави во повеќе од еден медиумски текст на тој конкретен (анализиран) ден, па така, анализата на актерите кои се појавија во медиумските текстови првиот ден од војнатавклучуваше 22 актери (26 со сите варијации на претставници на ЕУ). Најчесто споменувани актери се рускиот претседател (во 98% од анализираните текстови), украинскиот претседател (во 66,5% од анализираните текстови) и ЕУ (во 59% од анализираните текстови).

Во анализираните текстови се појавија 14 различни теми, при што најчести (најфреквентни) беа: случувања/воени дејства во Украина (ракетните напади/експлозии на различни места на територијата на Украина), тема спомената во 43% од анализираните текстови; најавата на Путин за почеток на воени дејства,пренесена во 39% од анализираните текстови; и санкциите што ЕУ ги планира и ги наменува за Русија–оваа тема беше главна тема (или една од главните теми) во 31% од сите анализирани текстови.

Во анализираните медиумски текстови на македонски јазик на 24 февруари2022 година се споменаа осум различни медиуми од каде што се преземени информациите наведени во текстовите, при што Би-би-си и Си-ен-ен предводат во фреквенциите.

Следува квалитативна анализа за формулирање на главната порака во текстовите и приказ на главните пораки во сите 39 анализирани текста на првиот ден од воената криза во Украина.

| **КОЈ :** | кажува **ШТО** и **КАКО**<br>**(главна порака)** |
|---|---|
| **Украина:** | „Украина ја обвинува Москва за нападот“; „Украина е мета и жртва на хакерски напади“;<br>„Ужасен говор и обраќање на Путин“; „Путин мора да биде запрен“;<br>„Руската армија врши напад врз мирни украински градови“;<br>„Руските напади се со цел уништување на украинската држава, окупација на украинската територија и воспоставување на окупациска контрола“;<br><br>„Чин на војна, напад на суверенитетот и територијалниот интегритет“;<br><br>„Груби прекршувања на повелбата на ОН и основните норми и принципи“; |
| **Русија:** | „Акцијата доаѓа како одговор на заканите кои доаѓаат од Украина“;<br>„Русија нема цел да ја окупира Украина“; „Путин тврди дека одговорноста за крвопролевањето е на украинскиот режим“;<br>„Русија ја презема оваа специјална операција со цел заштита на цивилите како одговор на заканите од Украина“; „Путин ги обвинува САД и нивните сојузници дека го игнорираат барањето на Русија да ја спречи Украина да влезе во НАТО и да ѝ понуди на Москва безбедносни гаранции“;<br>„Руската операција има за цел да обезбеди демилитаризација на Украина“; |

| | |
|---|---|
| **ЕУ:** | „Европа мора да ја санкционира Русија"; „Русија незаконски ги признава Доњецк и Луганск";<br>„ЕУ предупредува дека Русија распоредува дополнителни војници и тенкови";<br>„Путин драматично ја ескалира ситуацијата и ги зголеми тензиите со Запад";<br>„Нуди платформи за дијалог и мирно решавање на кризата";<br>„Руската воена операција е еклатантно кршење на меѓународното право";<br>„Бескрупулозен чин на Москва"; |
| **НАТО:** | „Ова е немилосрден напад врз Украина"; |
| **ОН:** | „Русија го става светот во голема опасност"; „Оваа војна ќе предизвика бегалска криза";<br>„Повикува на брзи и решителни потези за украинската криза"; |
| **Џо Бајден:<br>САД** | „Русија врши инвазија врз Украина";<br>„Народот на Украина трпи неиспровоциран напад од руските воени сили";<br>„Русија одговорна за смрт и уништување";<br><br>„Путин избрал војна која ќе биде со катастрофални загуби";<br>„Неиспровоциран и неоправдан напад"; „Непотребен акт на агресија од страна на Русија"; |
| **Борис Џонсон:<br>Велика Британија** | „Се случуваат ужасни настани во Украина"; „Го осудуваме Путин за овој неразумен напад";<br>„Путин избрал пат на крвопролевање и уништување со тоа што започнал неиспровоциран напад" |

Следува главната анализа на дискурсот што се „поставува" во медиумските текстови за случувањата во Украина. Се анализираше клучниот збор со којшто се опишува војната во Украина. Групирани според клучниот збор, претставени се сите именувања на настаните.

| Клучен збор | Конкретно именување на случувањата | Проценти на текстови од вкупниот број на анализирани текстови во коишто се споменува називот |
|---|---|---|
| **Криза** | Украинска криза<br>Украинско-руска криза | 25% |
| **Акција** | Руска акција<br>Воена акција против Украина | 32% |
| **Операција** | Воени операции<br>Специјална операција за демилитаризација на Украина | 34% |
| **Конфликт** | Руско-украински конфликт | 17% |
| **Загрозување на територија** | Загрозување на територијалниот интегритет на Украина | 5% |
| **Инвазија** | Руска инвазија<br>Инвазија врз Украина<br>Целосна инвазија врз Украина | 25% |
| **Војна** | Воена ескалација која доведе до човечко страдање и уништување<br>Војна<br>Воена акција на Русија<br>Војна со умисла<br>Употреба на воена сила<br>Активни воени дејства<br>Руска воена операција<br>Воен конфликт | 26% |
| **Напад** | Неоправдан напад на Русија<br>Руски напад<br>Неиспровоциран и неоправдан напад од руските воени сили<br>Потребен напад за да се заштитат цивилите во источна Украина<br>Немилосрден напад врз Украина<br>Директен напад врз територијалниот интегритет и суверенитет на Украина | 36% |
| **Агресија** | Непотребен акт на агресија<br>Агресија врз Украина | 15% |

Во сите анализирани медиумски текстови во критичниот период се забележуваат 9 вида термини со коишто се опишуваат случувањата во Украина, кои со нивните варијации, всушност, значат употреба на 27 различни термини за исти случувања. Најголеми варијации се забележуваат на клучниот збор **војна**, а најчесто употребени термини, особено првитетри дена, беа: руски напад, операција/ии (руски операции) во Украина и воени акции во Украина.

### 4.1. Апел на Украина за начинот на покривање на руската инвазија од страна на западните медиуми

Во отворено писмо, лидерите на голем број на украински медиумски истражувачки организации и голем број на истакнати украински новинари на 24 март2022 година ги поставија своите барања со цел да се влијае врз известувањето на западните медиуми за руската инвазија на Украина (Open letter to media professionals who cover Russia’s invasion of Ukraine, 2022).

Во писмото се посочува:

**HOW TO COVER RUSSIA’S INVASION OF UKRAINE:**
**Recommendations from Ukrainian media organizations, reporters, photographers and communication professionals**

| | |
|---|---|
| One common error is to use terms like **“crisis”**, **“conflict”** or **“military operation”**, or call it **“Ukrainian”** i.e. **“Ukraine Crisis”** or **“Ukraine conflict”**. | This is a full scale invasion of, and war against, Ukraine. We ask you to correctly indicate Russia’s role in the war with the wording **“Russia’s war in Ukraine” and/or “Russian invasion of Ukraine”**, especially in captions, headlines, leads and hashtags. |
| At the same time, we ask not to overuse the phrase **“Putin’s war”** | Even though there is a temptation to believe that this war started only because of the Russian president, several polls have reported that the silent majority of Russians support the war. **Russian soldiers on the ground are firing missiles and bombs, and deliberately killing civilians.** Many of them do not have access to the facts and to independent media, but this does not take responsibility away from them. |
| It is **misleading to refer to the 2014 pseudo -referendums** in the Ukrainian territories of Crimea and Donetsk and Luhansk Oblasts as explanations for Russian military aggression. | **The territories of Crimea, and parts of Donetsk and Luhansk Oblasts, were annexed and occupied by Russian forces in 2014.** Crimea was annexed by Russia in an unequivocal violation of international law. Neither the creation of the puppet "republics" in Donetsk and Luhansk nor the conventional war would have happened without Russian involvement. The pseudo-referendums and proxy republics are not recognised by the international community. *The current escalation demonstrates Russia’s desire to control the whole of Ukraine, and these “republics” are used as a platform for full-scale invasion and a tool for propaganda and disinformation.* |
| The quasi “republics” in Donbas are not another armed side of the conflict. Using terms like **“separatist-held areas”** is incorrect. | They operate as part of the Russian army and mercenaries fighting in Ukraine. **Please consider using "Russian proxies"** |
| Another **common error we observe is to report Ukrainian and Russian positions as “two equal perspectives”.** | Russian positions are based on lies, propaganda and denial of the existence of Ukraine as a nation and state. Russian propaganda is not just “strategic communication” or another point of view, it is **a weapon of war.** |

The narrative that characterizes the war as a proxy one between Russia and the West denies Ukrainian agency — something that the Ukrainian people’s resistance to invasion clearly demonstrates. **NATO is an alliance based on the right of sovereign nations to collective defense, enshrined in Article 51 of the Charter of the United Nations. By focusing on ‘expansion’, the media are perpetuating the Kremlin’s justification for war and ignoring the democratic voice of the Ukrainian people who wish to live in peace, free from Russian aggression.**

***Finally, we implore you to include, engage and hear Ukrainian experts.***

**5. Дискусија**

Поттикнати од фактот за важноста на начинот на пренесување информации за војната во Украина за конструирање сознанија за неа, се направи анализа на медиуми, при што се појде од главното истражувачко прашање: „Како медиумите (на македонски јазик) во Македонија ја конструираа социјалната реалност за случувањата во Украина?“ Теориската поставеност на истражувањето е во концептите и постулатите за: социјалната конструкција на реалноста (Berger and Luckmann, 1967); јазикот сфатен како основа и инструмент со којшто се стекнува речиси целокупното колективно знаење (Burr, 2003), кој заедно со културата се рамките, прозорците низ коишто луѓето ја искусуваат и ја разбираат реалноста и комуницираат со неа, како и фактор што со своите обрасци ги одредува човековата перцепција, начинот на мислење, погледот на светот и формата на однесување (Lucy,2001); главната улога на медиумите во социјалната конструкција на реалноста и разбирање на социјалната конструкција на реалноста, пред сè, како тип на медиумски ефект (Adoni and Mane, 1984)[1]; сфаќањето на медиумската реалност како симболичка (Berger and Luckmann, 1967) реалност што ја конструираат медиумите (свесно или несвесно) преку објавување на своите текстови во првите денови од почнување на војната, период во којшто се „конфигурира“ реалноста преку употреба на одреден јазик и дискурс, за да се вклучат поединците когнитивно наодреден начин и така да го градат своето знаење/познавање за овие настани (Kim, 2001; Young & Collin, 2004).

Сумираните резултати поттикнуваат дискусија на неколку нивоа. Прво, се иницира прашањето за квалитетот на информирање на граѓаните кога во медиумскиот простор циркулираат преголем број информации. Тоа што значи изразот „преголем број“ информации не е толку важно, колку што е важен моментот дека балансирано информирање е крајно пожелно, особено во услови на криза од каков било тип. Кога на квантитативните податоци од Слика 1 и Табела 1 ќе се додаде сознанието дека истите медиумски текстови се објавуваат и на социјалните мрежи, може само да се претпостави на колку информации во текот на денот(сигурно и во текот на ноќта) беа изложени оние граѓани кои сакаа да бидат информирани за случувањата во Украина.

Понатаму, се иницира дискусијата за видот на „рамката“, видот на дискурсот, јазикот што се употребува. Кој термин и да го употребиме нема да згрешиме, особено што е јаснодека од таа рамка низ којашто се пренесуваат и се читаат информациите, од зборовите што се употребени ќе зависи нашата перцепција на реалноста. Нудејќи одредена „рамка“, одреден јазик и дискурс, медиумите свесно и несвесно ја конструираат реалноста за случувањата во Украина. Културниот контекст, општествено-политичката ситуација во Македонија, претходната историја на овие простори што памети војни и судири, се само дополнителен сегмент вграден во процесот и на „кодирање“ и на „декодирање“ на информациите за војната во Украина.

[1] Сфаќањето дека социјалната конструкција е важен аспект на релацијата помеѓу културата и општеството не се отфрла, но не е предмет на истражување во моментот.

На крајот, но никако и помалку важно, е тоа дека оваа целокупна анализа се прави за да се предвиди какви когниции ќе поттикнат медиумските текстови кај македонските граѓани, какви емоции и какви однесувања ќе предизвикаат, нешто закоешто медиумскитеорганизациишто продуцираат вести мораат да бидат свесни, со цел правилно и сеопфатно информирање (веќе се знае дека целосно објективно информирање не е можно), непоттикнување паника и нецелисходно однесување, но и заштита на физичкото и менталното здравје на граѓаните.

Па, каква реалност конструираат медиумите?

Реалноста што се конструира е контрадикторна и поларизирана по неколку основи:

- Главните актери се рускиот претседател, ЕУ (лидери на ЕУ), НАТО и украинскиот претседател. Целосна поларизираност тука значеше јасно прикажување на актерот/ите Русија и Владимир Путин од една страна, а сите други актери од друга: Украина, ЕУи НАТО, пред сè. Не постои ниту еден актер во медиумите,покрајрускиот претседател, кој ја поддржува/оправдува/разбира воената интервенција. Само за рускиот претседател,случувањата во Украина се „специјални операции со цел заштита на цивилното население во Украина, демилитаризација на Украина и одговор на режимот на Украина", а за сите други е „неоправдан, суров акт на агресија, инвазија што го загрозува територијалниот интегритет, акт што мора да биде казнет и санкциониран".Поларизацијата во поставеноста на актерите е една, јасна и недвосмислена.
- Медиумите (Табела 1) во најголем број се еднострани: за војната,најголем број информации до македонските медиуми стигаат главно од Би-би-си и Си-ен-ен.
- Најголема конфузија е во разбирањето што се случува во Украина: дали е тоа „напад", „инвазија"„конфликт", „војна", „специјална операција", „криза" или „акција". Дополнително,за граѓанитене е јасно дали тоа е „изнудена реакција од Русија за заштита на цивили" или „неоправдан акт на агресија со којшто се почнува крвопролевање".
- Најчести теми се случувањата од терен и санкциите што ги преземаат ЕУ и НАТО за Русија.

Имајќи ги предвид сите овие (сè уште првични) сознанија, медиумите во овој дел мораат да бидат свесни барем за тоа дека за да не се создава конфузија,тие мораат да донесат став како ќе известуваат и како ќе ги именуваат случувањата. Украина, свесна за важноста на ова, во отворено писмо повика на еден униформиран начин на информирање што треба да го практикуваат западните медиуми. Анализата укажува на несвесноста и негрижата на македонските медиуми за потенцијалната опасност од секојдневно пишување и употреба на сосем различни термини за едни исти случувања.

Секако дека тие (медиумите) мораа да го пренесат говорот на Владимир Путин во којшто се вели дека се оправдува „специјалната, добро осмислена воена операција", како и изјавите на Зеленски, ЕУ, НАТО и Борис Џонсон за коишто тоа е нешто што мора „сурово

да се казни и санкционира“, но во преостанатата содржина на текстовите мора да се има еден колку што е можно пообјективен вокабулар, со употреба на емотивно неоптоварени зборови (колку што е можно),со коиштосамо би се зголемиле конфузијата и негативните чувства. Само како пример: зборот „војна“ со голема веројатност би поттикнал страв, но зборот „специјална операција“ со голем веројатност нема да ја поттикне истата емоција, дури има капацитет да поттикне љубопитност за таа „специјална операција“. Тоа што украинските медиумски експерти го иницираа во отвореното писмо е исто така многу важно. Едно е ако е употребува терминот „руска инвазија“, а сосем друго ако се употребува „украинска криза“. Во првиот случај, одговорноста за инвазијата е во Русија, а во вториот случај, кризата е „очекувана“ и „отелотворена“ во Украина, па дури може да имплицира и дека е „заслужена“; изразот „руско-украинска“ криза имплицира две (еднакво одговорни) завојувани страни, но зборот „недвосмислен акт на агресија на Русија“ јасно ја става одговорноста за агресијата на руската страна.

Имајќи ги предвид овие почетни сознанија (анализата на медиумските содржиние во тек и продолжува, а и тука не е целосно прикажанапоради ограничувањата) и враќајќи се на потребата да сеодговори на главното истражувачко прашање: „Како медиумите (на македонски јазик) во Македонија ја конструираа социјалната реалност за случувањата во Украина?“, а со цела свесност за ограничувањата за анализа поради големиот број текстови, одговорот би бил: недоследна и поларизирана, а со тоа претпоставено и конфузна,односно збунувачка. Не дека реалноста не е или не може да биде таква (и конфузна и збунувачка и недоследна), туку клучно е тоа дека не се гледа свесноста на пишувачите на текстови за потребата од внимателно и одговорно користење на термините.

Секако, истражувачките резултати повторно ја отвораат и научната дискусија за реализмот наспроти конструкционизмот, која е во центарот на конструкционистичките размисли. Од перспектива на реалистичкиот пристап, поединците го „учат“ и го разбираат светот преку пресликување и одразување на значењата што веќе постојат во него (Hall, 1997). Овој став (за тоа и оправдано критикуван) не ги зема предвидразличните интерпретативни и конструктивни процеси преку коишто се реализира сознавањето на предметите (Sandywell, 2008). Затоа, пак, конструкционизмот, ненегирајќи го постоењето на светот независно од индивидуите, верува дека реалноста и значењата се конструирани во општествените процеси (Lindlof, 2008) и дека не е материјалниот свет тој што го пренесува значењето, туку дека општествените актери се тие што користат одреден јазик и/или други репрезентативни системи за да го конструираат активно значењето на светот околу нив (Hall, 1997). Токму за тоа треба да бидат свесни и одговорни сите оние што се ставени во функција да ја информираат јавноста, особено за теми што се мошне значајни, каква што е војната во Украина.

**Референци**

1. Adoni, H., Mane, S. (1984). Media and social construction of reality: Toward an Integration of Theory and Research. Communication Research, 11(3), 323-340. doi:10.1177/009365084011003001.
2. Berger, P., Luckmann, T. (1967). The Social Construction of Reality. New York: Penguin Books.
3. Burr, V. (2003). Social Constructionism (2nd ed.). London: Routledge.
4. Chandler, D. (1994). The Sapir-Whorf Hypothesis. Retrieved from http://visual-memory.co.uk/daniel//Documents/short/whorf.html
5. Chen, Y-Y., Shek, D., & Bu, F-F. (2011). Applications of interpretive and constructionist research methods in adolescent research: Philosophy, principles and examples. International Journal of Adolescent Medicine and Health, 23(3), 129-139.
6. Crotty, M. (2003). The Foundations of Social Research: Meaning and Perspectives in the Research Process, London: Sage Publications, 3rd edition, 10.
7. Fengmin, Y. (2020). Image, Reality and Media Construction – A Frame Analysis of German Media Representations of China. Singapore: Springer.
8. Franklin, C. (1998). Distinctions between social constructionism and cognitive constructivism: Practice applications. In C. Franklin & P. Nurius (Eds.), Constructivism in practice: Methods and challenges (pp. 57-94). Milwaukee, WI: Families International Press.
9. Galanes, G. J., Leeds-Hurwitz, W. (2009). "Communication as social construction: Catching ourselves in the act". In G. J. Galanes &W. Leeds-Hurwitz(eds.). Socially constructing communication. Cresskill, NJ: Hampton Press. pp. 1-9.
10. Gergen, K. J. (1982). Toward transformation in social knowledge. NewYork: Springer-Verlag (2nd Edition), London: Sage, 1994.
11. Gergen, K. J. (2001). Social construction in context. London: Sage.
12. Gergen, K. J. (2009). The relational being: Beyond self and community. New York: Oxford University Press.
13. Girishwar, M., Anand, P. (2012). Kenneth J. Gergen and Social Constructionism. Psychological Studies, 57(2), 121-125. doi:10.1007/s12646-012-0151-0. Retrieved from https://www.researchgate.net/publication/257791974_Kenneth_J_Gergen_and_Social_Constructionism
14. Gubrium, J., & Holstein, J. (2008). The constructionist mosaic. In J. Holstein & J. Gubrium (Eds.), Handbook of constructionist research (pp. 3-12). New York: Guildford.
15. Hall, S. (1997). Representation: Cultural Representations and Signifying Practices. London: Sage Publications & Open University.

16. Kim, B. (2001). Social Constructivism. In M. Orey (Ed.), Emerging perspectives on learning, teaching, and technology. Retrieved from http://projects.coe.uga.edu/epltt/
17. Kruse, C. R. (2001). The Movement and the Media: Framing the Debate Over Animal Experimentation. Political communication, 18(1), 67-87. https://doi.org/10.1080/10584600150217668
18. Lindlof, T. R. (2008). Constructivism. In W. Donsbach (Ed.), The international encyclopedia of communication, 3, 944-950. UK: Blackwell Publishing.
19. Lucy, J. A. (2001). Sapir-Whorf Hypothesis. International Encyclopedia of the Social & Behavioral Sciences, 13486-13490. doi:10.1016/b0-08-043076-7/03042-4
20. Muzzetto, L. (2016). Schutz, Berger and Luckmann.The question of the natural attitude. SocietàMutamentoPolitica, 6(12), 245-277. https://doi.org/10.13128/SMP-17857. Retrieved from https://www.semanticscholar.org/paper/Schutz%2C-Berger-and-Luckmann.The-question-of-the-Muzzetto/84e8be541740562d76fab31e3f64de839719d059
21. Nickerson, C. (2021, Oct 04). *Social constructionism definition and examples*. Simply Psychology. Retrieved from www.simplypsychology.org/social-constructionism.html
22. O'Reilly, M., Lester, J.N. (2017). The Critical Turn to Language in the Field of Mental Health. In: Examining Mental Health through Social Constructionism. The Language of Mental Health. Palgrave Macmillan, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-319-60095-6_1
23. Open letter to media professionals who cover Russia's invasion of Ukraine. (2022, Mar 23). Retrieved from https://imi.org.ua/en/news/open-letter-to-media-professionals-who-cover-russia-s-invasion-of-ukraine-i44574)
24. Sandywell, B. (2008). Constructivism. In J. W. A. Darity (Ed.), International encyclopedia of the social sciences, l(2), 2nd ed., 96-99. Detroit, MI: Macmillan Reference USA.
25. Schudson, M. (1978). Discovering the news. New York: Basic Books.
26. Schudson, M. (2001). The objectivity norm in American journalism. Journalism: Theory, Practice & Criticism, 2(2), 149-170. doi:10.1177/146488490100200201
27. Spano, S., Foss, K., and Kirschbaum, K. (2009). Creating opportunities for social construction: The Albuquerque NCA Summer Institute. In G. J. Galanes& W. Leeds-Hurwitz(eds.). Socially constructing communication. Cresskill, NJ: Hampton Press, 13-31.
28. UKEssays. (2018, November). Media Framing And Construction Of Reality Media Essay. Retrieved from https://www.ukessays.com/essays/media/media-framing-and-construction-of-reality-media-essay.php?vref=1

29. Vygotsky, L.S. (1978). Mind in Society. Cambridge, MA: Harvard University Press.
30. Wendt, A. (1995). Constructing International Politics. International Security, 20(1), 71-81. https://doi.org/10.2307/2539217
31. Young, R. A., & Collin, A. (2004). Introduction: Constructivism and social constructionism in the career field. *Journal of Vocational Behavior, 64*(3), 373-388. https://doi.org/10.1016/j.jvb.2003.12.005

**Интернет-извор**

1. https://time.мк